2018

JРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.07 - 30.09.2018 ГОДИНА

**(БР.05-5678/1 ОД 18.10.2018Г)**

**III Квартал**

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ... 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 07 до 09м. 2018 година ... 3

II. ПРИХОДИ ... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2018 ГОДИНА ... 5

III. ТРОШОЦИ – ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ... 6

Трошоци за вработените ... 6
Патни и транспортни трошоци ... 7
Заеднички трошоци ... 7
Програмски права ... 8
Останати трошоци од работење ... 8
Инвестиции ... 8

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2018 ГОДИНА ... 9

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2018 ГОДИНА ... 13

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2018 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2018 ГОДИНА ... 14

1. Побарувања од купувачите во земјата ... 14
2. Побарувања од купувачите во странство ... 14

VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2018 ГОДИНА ... 15

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2018 ГОДИНА ... 15

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во третото тримесечје од 2018 година Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 251.089.870 денари и расходи во износ од 152.237.554 денари, со што е остварен позитивен финансиски резултат од 98.852.316 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 07 до 09м. 2018 година**

| ОПИС | Остварување 01.07.-30.09.2017г. | | Финансиски план 2018г. | | Остварување 01.07.-30.09.2018г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **262,351,217** | **100.0** | **999,050,000** | **100.0** | **251,089,870** | **100.0** | **95.7** | **25.1** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **185,553,349** | **70.7** | **918,200,000** | **91.9** | **152,237,554** | **60.6** | **82.0** | **16.6** |
| Трошоци за вработени | 95,238,911 | 36.3 | 394,149,000 | 39.5 | 91,164,349 | 36.3 | 95.7 | 23.1 |
| Патни трошоци | 2,402,375 | 0.9 | 8,715,000 | 0.9 | 1,928,151 | 0.8 | 80.3 | 22.1 |
| Заеднички трошоци | 44,223,428 | 16.9 | 252,999,000 | 25.3 | 41,512,782 | 16.5 | 93.9 | 16.4 |
| Програмски права | 30,596,133 | 11.7 | 174,341,000 | 17.5 | 11,252,340 | 4.5 | 36.8 | 6.5 |
| Останати трошоци од работење | 13,092,502 | 5.0 | 87,996,000 | 8.8 | 6,379,932 | 2.5 | 48.7 | 7.3 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **76,797,868** | | **80,850,000** | | **98,852,316** | | | |
| | | | | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | | | |
| Набавка на опрема | 6,085,550 | | 22,000,000 | | 0 | | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно** | **6,085,550** | | **22,000,000** | | **0** | | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ И ИНВЕСТИЦИИ** | **191,638,899** | | **940,200,000** | | **152,237,554** | | **79.4** | **16.2** |

# II. ПРИХОДИ

Во периодот 07-09 месец 2018 година реализирани се приходи во износ од 251.089.870 денари.

Како највисока ставка во вкупниот приход се јавува приходот од Буџетот на РМ – Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност. Средствата кои по овој основ ЈРП МРТ ги доби во анализираниот период изнесуваат вкупно 221.637.500 денари и истите учествуваат со 88,3% во вкупно остварените приходи.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 65.531 денар што е реализација од 4,4% во однос на планираните приходи за 2018 година за оваа намена.

Приходот од услуги во земјата и странство (технички услуги, за користење на коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и слично) е остварен во вкупен износ од 2.103.220 денари или 0,8% од вкупно планираните приходи за 2018 година.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 1.969.795 денари или остварување од 6,6% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата опфаќа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитено утврдени приходи од минати години и друго.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во третото тримесечје од 2018 година е остварен во износ од 25.313.824 денари што е реализација од 76,7% на планираните средства во Финансискиот план за 2018 година за оваа намена, а неговото учеството во вкупните остварени приходи изнесува 10,1%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2018 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.07-30.09.2017 год. | Планирани приходи за 2018 г. | Остварени приходи 01.07-30.09.2018 год. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 0 | 886,550,000 | 221,637,500 | 0,0 | 25.0 | 88.3 |
| Приходи од Влада на РМ согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 60,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 | 0.0 |
| Закупнини | 98,265 | 1,500,000 | 65,531 | 66.7 | 4.4 | 0.0 |
| Радиодифузна такса | 195,178,985 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 1,102,153 | 4,000,000 | 552,114 | 50.1 | 13.8 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 0 | 2,000,000 | 1,551,106 | 0,0 | 77.6 | 0.6 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години),дополнително утврдени приходи од претходни години и др. | 2,318,459 | 30,000,000 | 1,969,795 | 85.0 | 6.6 | 0.8 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0 | 4,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на домашна музичка продукција | 0 | 32,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 3,653,355 | 33,000,000 | 25,313,824 | 692.9 | 76.7 | 10.1 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 6,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **262,351,217** | **999,050,000** | **251,089,870** | **95.7** | **25.1** | **100.0** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот јули - септември 2018 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 152.237.554 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2018 година претставува остварување од 16,6%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07-30.09.2018 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.07.-30.09.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 95,238,911 | 394,149,000 | 91,164,349 | 95.7 | 23.1 |
| Патни трошоци | 2,402,375 | 8,715,000 | 1,928,151 | 80.3 | 22.1 |
| Заеднички трошоци | 44,223,428 | 252,999,000 | 41,512,782 | 93.9 | 16.4 |
| Програмски права | 30,596,133 | 174,341,000 | 11,252,340 | 36.8 | 6.5 |
| Останати трошоци од работење | 13,092,502 | 87,996,000 | 6,379,932 | 48.7 | 7.3 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **185,553,349** | **918,200,000** | **152,237,554** | **82.0** | **16.6** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 6,085,550 | 22,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **6,085,550** | **22,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **191,638,899** | **940,200,000** | **152,237,554** | **79.4** | **16.2** |

## Трошоци за вработените

Во третиот квартал од 2018 година групата Трошоци за вработени бележи остварување во вкупен износ од 91.164.349 денари или 23,1% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 90.579.471 денари, потоа трошоците за други примања на вработените остварени во вкупен износ од 584.878 денари, од кои 580.878 денари се однесуваат на трошоците за отпремнина за одење во пензија, а 4.000 денари на трошоци за едукација (обуки на вработените, семинари и сл.).

Просечната нето плата по работник за периодот 07-09 месец 2018 година изнесува 24.885 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 1.928.151 денар и истата е реализирана со 22,1% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2018 година за оваа намена.

Во поголем обем се издвојуваат трошоците за дневници и ноќевања за службени патувања на новинари и сниматели во земјата и странство за реализација на програмски цели и истите изнесуваат вкупно 1.233.882 денари. Од реализираните патувања во странство позначајни се патувањата на екипите на МРТ во: Москва – Светско првенство во фудбал, Ниш – снимање на репортажа за Стара Планина, Измир – Форум на ТВ куќи од регионот за програмата на турски јазик, Романија – учество на летна школа за новинарство, Приштина – снимање на верска манифестација по повод роденденот на Мајка Тереза, Цирих – средба со Македонците од црковната општина Свети Наум Охридски – Тринген, Белград – следење на манифестацијата Ден на полето за емисијата Аграр, Сараево – регионален воркшоп за архивирање на видео материјалите кај јавните сервиси, Амстердам – посета на маркет за технички и технолошки иновации, Љубљана – учество на обука за јавните сервиси и слично.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РМ во Лондон, Брисел, Молдавија, Благоевград, Драч, Вашингтон, Њујорк итн.

### Заеднички трошоци

Во третиот квартал од 2018 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 41.512.782 денари што е реализација од 16,4% на финансискиот план за 2018 година за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за електричен и технички материјал со вкупно остварување од 71.108 денари, трошоците за канцелариски материјали во износ од 28.118 денари, трошоците за материјали за возен парк во износ од 20.814 денари, трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен износ од 4.534.452 денари, телефонските трошоци (за фиксна и мобилна телефонија) и интернет во вкупен износ од 882.494 денари а за сите радио и ТВ преноси користени се аудио и видео линии за кои е остварен трошок во износ од 2.151.399 денари. Во рамки на планираните износи за 2018 година остварување бележат и трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.313.732 денари, трошоците за одржување хигиена во просториите на МРТ во износ од 729.088 денари, трошоците за одржување на возила износ од 299.727 денари, трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 208.846 денари како и трошоците за комунални услуги во вкупен износ од 423.583 денари. Пресметаните трошоци за амортизација на основни средства во анализираниот период изнесуваат вкупно 15.598.417 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ реализацијата изнесува 898.837 денари а пресметката и исплатата се врши согласно законот за ААВМУ. Дополнително утврдените расходи од минати години остварени со износ од 3.595.775 денари.

### Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма се остварени во вкупен износ од 11.252.340 денари што претставува 6,5% реализација на планот за 2018 година за оваа намена.

Ставката откуп на права за пренос и емитување на спортски настани е реализирана во износ од 11.192.633 денари и истата, пред се, се однесува на фактурирана реализација на договор за откуп на права за пренос на ЗОИ 2018 година, СЕХА лига во ракомет, ЕХФ Лига на шампиони во ракомет и АБА Лига кошарка.

За останати програмски права реализирани се трошоци во износ од 59.707 денари и истите се однесуваат на партиципација за координација на радио вести и радио спорт.

### Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци во анализираниот период е остварена во вкупен износ од 6.379.932 денари. Истата ги опфаќа трошоците за технички услуги во износ од 1.033.132 денари остварени за користење коментаторски позиции, ISDN линии и слично, потоа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 1.650.518 денари, трошоците за интелектуални услуги кои се однесуваат на превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма реализирани во износ од 165.964 денари, трошоци за опремување на сценографија за програмските потреби во износ од 301.185, потоа трошоци за наемнини (наем на недвижности и опрема) остварени во вкупен износ од 37.913 денари, за судски извршители 504.773 денари, за проект Евровизија 425.938 денари како и трошоците за годишни членарини за учество во меѓународни организации – ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и сл. во вкупен износ од 2.157.047 денари.

## Инвестиции

Со Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2018 година за реализација на инвестициони активности планирани се вкупно 22.000.000 денари, во анализираниот период (јули-септември 2018 година) нема реализација на оваа ставка, но се започнати постапки за јавни набавки односно истите се во тек и планирано е да се реализраат во наредниот квартал.

## АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2018 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.07.-30.09.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 93,551,563 | 392,000,000 | 90,579,471 | 96.8 | 23.1 |
| Отпремнина за одење во пензија | 363,564 | 1,500,000 | 580,878 | 159.8 | 38.7 |
| Други примања (теренски додаток) | 880,149 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени, помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 298,471 | 299,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 145,164 | 250,000 | 4,000 | 2.8 | 1.6 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **95,238,911** | **394,149,000** | **91,164,349** | **95.7** | **23.1** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 432,467 | 1,500,000 | 586,303 | 135.6 | 39.1 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 1,009,021 | 3,820,000 | 647,579 | 64.2 | 17.0 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 1,652 | 100,000 | 1,710 | 103.5 | 1.7 |
| Превоз за службени патувања во странство | 764,851 | 1,864,000 | 638,326 | 83.5 | 34.2 |
| Сопствено возило за службени потреби | 8,754 | 166,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 56,728 | 333,000 | 54,233 | 95.6 | 16.3 |
| **Вкупно 2** | **2,273,473** | **7,783,000** | **1,928,151** | **84.8** | **24.8** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 128,902 | 932,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **128,902** | **932,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **2,402,375** | **8,715,000** | **1,928,151** | **80.3** | **22.1** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 272,572 | 1,262,000 | 10,311 | 3.8 | 0.8 |
| Технички материјал | 30,606 | 1,264,000 | 60,797 | 198.6 | 4.8 |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за реквизита | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 58,455 | 286,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | | 1,097,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **361,633** | **4,209,000** | **71,108** | **19.7** | **1.7** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 185,415 | 1,762,000 | 28,118 | 15.2 | 1.6 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 0 | 250,000 | 20,814 | 0.0 | 8.3 |
| Други потрошни материјали | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.07.-30.09.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 779 | 449,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **186,194** | **2,471,000** | **48,932** | **26.3** | **2.0** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 2,865,376 | 16,660,000 | 3,283,572 | 114.6 | 19.7 |
| Трошоци за топлотна енергија | 863,841 | 17,320,000 | 552,513 | 64.0 | 3.2 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 638,497 | 3,660,000 | 698,367 | 109.4 | 19.1 |
| Останати трошоци за користење енергија (мерење на потрошувачка на електрична енергија) | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 6** | **4,367,714** | **37,940,000** | **4,534,452** | **103.8** | **12.0** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 167,767 | 866,000 | 12,390 | 7.4 | 1.4 |
| **Вкупно 7** | **167,767** | **866,000** | **12,390** | **7.4** | **1.4** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-диреkни | 86,276 | 700,000 | 101,933 | 118.1 | 14.6 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 530,960 | 2,264,000 | 764,870 | 144.1 | 33.8 |
| Трошоци за интернет | 50,559 | 400,000 | 15,691 | 31.0 | 3.9 |
| Поштарина | 40,098 | 333,000 | 38,511 | 96.0 | 11.6 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 2,325,505 | 14,000,000 | 2,151,399 | 92.5 | 15.4 |
| **Вкупно 8** | **3,033,398** | **17,697,000** | **3,072,404** | **101.3** | **17.4** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,096,704 | 4,000,000 | 1,313,732 | 119.8 | 32.8 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 23,530 | 3,160,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 325,798 | 11,620,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Одржување на возила | 314,367 | 2,830,000 | 299,727 | 95.3 | 10.6 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 23,601 | 100,000 | 31,468 | 133.3 | 31.5 |
| Други услуги за одржување | 0 | 20,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 294,999 | 1,064,000 | 208,846 | 70.8 | 19.6 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 617,139 | 3,660,000 | 729,088 | 118.1 | 19.9 |
| **Вкупно 9** | **2,696,138** | **26,454,000** | **2,582,861** | **95.8** | **9.8** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,320 | 40,000 | 575 | 43.6 | 1.4 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,339 | 983,000 | 207,339 | 100.0 | 21.1 |
| Трошоци за вода | 658,978 | 3,092,000 | 215,669 | 32.7 | 7.0 |
| **Вкупно 10** | **867,637** | **4,415,000** | **423,583** | **48.8** | **9.6** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 3,140 | 133,000 | 21,646 | 689.4 | 16.3 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 66,400 | 550,000 | 173,519 | 261.3 | 31.5 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и друго | 25,866 | 400,000 | 25,489 | 98.5 | 6.4 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 13,944 | 183,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита | 0 | 750,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 0 | 20,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.07.-30.09.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за фотокопирање | 0 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **109,350** | **2,066,000** | **220,654** | **201.8** | **10.7** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 16,588,778 | 68,000,000 | 15,598,417 | 94.0 | 22.9 |
| **Вкупно 12** | **16,588,778** | **68,000,000** | **15,598,417** | **94.0** | **22.9** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 0 | 21,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **21,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 39,959 | 566,000 | 7,320 | 18.3 | 1.3 |
| **Вкупно 14** | **39,959** | **666,000** | **7,320** | **18.3** | **1.1** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 30,216 | 2,700,000 | 44,166 | 146.2 | 1.6 |
| **Вкупно 15** | **30,216** | **2,700,000** | **44,166** | **146.2** | **1.6** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 104,354 | 900,000 | 128,541 | 123.2 | 14.3 |
| **Вкупно 16** | **104,354** | **910,000** | **128,541** | **123.2** | **14.1** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти, сертификати и сл. | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 233,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **0** | **533,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 742,745 | 4,830,000 | 898,837 | 121.0 | 18.6 |
| **Вкупно 18** | **742,745** | **4,830,000** | **898,837** | **121.0** | **18.6** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 0 | 4,000,000 | 124,527 | 0.0 | 3.1 |
| Судски трошоци и административни такси | 174,939 | 932,000 | 52,164 | 29.8 | 5.6 |
| Останати трошоци од работење (услуги за користење на uplink антена-сателитски провајдер и друго) | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 19** | **174,939** | **5,182,000** | **176,691** | **101.0** | **3.4** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 9,245 | 300,000 | 122,986 | 1,330.3 | 41.0 |
| **Вкупно 20** | **9,245** | **300,000** | **122,986** | **1,330.3** | **41.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.07.-30.09.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 974,562 | 16,600,000 | 3,595,775 | 369.0 | 21.7 |
| **Вкупно 21** | **974,562** | **16,600,000** | **3,595,775** | **369.0** | **21.7** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 13,018,100 | 32,500,000 | 8,458,596 | 65.0 | 26.0 |
| **Вкупно 22** | **13,018,100** | **32,500,000** | **8,458,596** | **65.0** | **26.0** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 750,699 | 3,660,000 | 1,515,069 | 201.8 | 41.4 |
| **Вкупно 23** | **750,699** | **3,660,000** | **1,515,069** | 201.8 | 41.4 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **44,223,428** | **252,999,000** | **41,512,782** | **93.9** | **16.4** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***24)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 4,966,407 | 32,860,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати програмски права | 716,966 | 9,320,000 | 59,707 | 8.3 | 0.6 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 154,224 | 821,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 3,215,808 | 67,000,000 | 11,192,633 | 348.1 | 16.7 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 7,089,817 | 16,960,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 14,452,911 | 44,880,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 24-програмски права** | **30,596,133** | **174,341,000** | **11,252,340** | **36.8** | **6.5** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***25)Наемнини*** | | | | | |
| Наем на недвижности за дописници во странство | 1,071,409 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 56,937 | 300,000 | 37,913 | 66.6 | 12.6 |
| **Вкупно 25** | **1,128,346** | **300,000** | **37,913** | **3.4** | **12.6** |
| ***26)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 71,318 | 532,000 | 76,467 | 107.2 | 14.4 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 17,700 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Носачи на аудио и видео материјал-промотивни материјали | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги од рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 206,500 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 1,373,437 | 7,320,000 | 1,033,132 | 75.2 | 14.1 |
| Трошоци за опремување сцена | 285,950 | 1,962,000 | 301,185 | 105.3 | 15.4 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 1,266,031 | 3,160,000 | 165,964 | 13.1 | 5.3 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 1,728,502 | 11,000,000 | 1,650,518 | 95.5 | 15.0 |
| Договори за изведувачи по основ на Закон за поддршка на домашна музичка продукција | 0 | 32,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за проект Евровизија | 0 | 7,000,000 | 425,938 | 0.0 | 6.1 |
| Трошоци за судски извршители | 1,143,351 | 1,592,000 | 504,773 | 44.1 | 31.7 |
| **Вкупно 26** | **6,092,789** | **68,666,000** | **4,157,977** | **68.2** | **6.1** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.- 30.09.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.07.- 30.09.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***27)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 2,168,079 | 9,330,000 | 2,157,047 | 99.5 | 23.1 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати услуги од работење - (РДТ и други услуги) | 23,940 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП,ММИ) | 3,668,850 | 8,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **5,860,869** | **18,230,000** | **2,157,047** | **36.8** | **11.8** |
| ***28)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 10,498 | 800,000 | 26,995 | 257.1 | 3.4 |
| **Вкупно 28** | **10,498** | **800,000** | **26,995** | **257.1** | **3.4** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **13,092,502** | **87,996,000** | **6,379,932** | **48.7** | **7.3** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 28)** | **185,553,349** | **918,200,000** | **152,237,554** | **82.0** | **16.6** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема и инвестиции** | 6,085,550 | 22,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **6,085,550** | **22,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **191,638,899** | **940,200,000** | **152,237,554** | **79.4** | **16.2** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2018г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 30.09.2018 година изнесува:

- Комерцијална банка 80.185 денари
- Халк банка 454 денари
- Тутунска банка 23.767 денари
- Стопанска банка 82.654 денари
- Шпаркасе банка 530 денари
- Еуростандард банка 543 денари
- Алфа банка 71.988 денари
- Прокредит банка 2.209 денари

***Вкупно на сметки : 262.330 денари***

# V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2018 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.09.2018 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 30.09.2018 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,143,799,792 | 2,129,314,529 | **99.3** |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 43,056,853 | 39,111,184 | **90.8** |
| **Вкупно:** | **2,186,856,645** | **2,168,425,713** | **99.2** |

## 1. Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 30.09.2018 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,090,586,418 | 2,078,218,648 | 99.4 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 53,213,374 | 51,095,881 | 96.0 |
| **Вкупно:** | **2,143,799,792** | **2,129,314,529** | **99.3** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 30.09.2018 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - неплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,080,665,582 | 2,053,242,464 | 98.7 |
| - радио и телевизиски реклами | 7,848,463 | 23,272,926 | 296.5 |
| - радио и телевизиски услуги | 2,908 | 0 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 137,349 | 123,609 | 90.0 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,спогодби) | 1,932,116 | 1,544,849 | 80.0 |
| - останати побарувања (фестивали и спонзорства) | 0 | 34,800 | |
| - тужени побарувања (за реклами,закупнини и др.) | 53,213,374 | 51,095,881 | 96.0 |
| **Вкупно:** | **2,143,799,792** | **2,129,314,529** | **99.3** |

## 2. Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.09.2018 година изнесуваат вкупно 31.111.184 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 30.09.2018 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 36,512,931 | 34,917,532 | 95.6 |
| - ТВ услуги | 540,037 | 540,064 | 100.0 |
| - технички услуги | 2,870,275 | 2,870,419 | 100.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,785 | 16,786 | 100.0 |
| - отстапени права | 2,748,837 | 385,824 | 14.0 |
| - фестивали во странство | 115,446 | 119,390 | 103.4 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 252,542 | 261,169 | 103.4 |
| **Вкупно:** | **43,056,853** | **39,111,184** | **90.8** |

## VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2018 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2017 год. | состојба на 30.09.2018 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **905,982,306** | **591,975,605** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 237,143,167 | 103,229,150 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 108,706,102 | 55,192,798 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 1,506,745 | 102,668 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ и ДД) придонеси и други давачки | 193,592,294 | 147,518,253 |
| Обврски спрема вработените | 21,497,766 | 20,447,464 |
| Обврски за авторски договори | 6,019,532 | 1,363,433 |
| Краткорочни обврски (Лондонски и Париски клуб) | 191,960,476 | 191,825,429 |
| Останати краткорочни обврски | 577,695 | 478,550 |
| Краткорочни обврски и кредити од комерцијални банки | 60,923,916 | 13,333,881 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 84,054,613 | 58,483,979 |
| **Долгорочни обврски** | **313,253,253** | **313,253,253** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 24,841,975 | 24,841,975 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ | 2,731,540 | 2,731,540 |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во странство | 0 | 0 |
| Долгорочни кредити и заеми | 285,679,738 | 285,679,738 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **1,219,235,559** | **905,228,858** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.09.2018 година изнесуваат 905.228.858 денари и истите се намалени за 314.006.701 денари во однос на состојбата на 31.12.2017 година.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2018 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.09.2018 година изнесува вкупно 819 лица, што е помалку за 6 лица во однос на состојбата на 30.06.2018 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2018 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2018 | 0 | 28 | 340 | 24 | 385 | 1 | 32 | 15 | 825 | |
| 30.09.2018 | 0 | 27 | 337 | 23 | 384 | 1 | 32 | 15 | 819 | -6 |
| структура 30.09.2018 г.(%) | 0.0 | 3.3 | 41.1 | 2.8 | 46.9 | 0.1 | 3.9 | 1.8 | 100.0 | -0.7 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2018 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2018 | 593 | 153 | 31 | 26 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 825 | |
| 30.09.2018 | 590 | 151 | 30 | 26 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 819 | -6 |
| структура 30.09.2018 г.(%) | 72.0 | 18.4 | 3.7 | 3.2 | 1.0 | 0.5 | 0.5 | 0.4 | 0.4 | 100.0 | -0.7 |

Во текот на периодот јули - септември 2018 година од вкупно дојдени 7 лица, со склучување на договор за вработување по објавен јавен оглас 4 лица засновале работен однос со МРТ и тоа 2 техничари со ССС и 2 возачи со ССС во Сектор Логистика, додека пак, 1 сниматель-камерман со ССС, 1 монтажер со ССС и 1 графички дизајнер со ВСС се вратени на работа во МРТ по истекување на периодот на отсуство од работа без надомест на плата во времетреење од 3 месеци.

Во истиот период на вкупно 13 лица им е прекинат договорот за вработување по повеќе основи и тоа: со стекнување на правото на старосна пензија на вкупно 10 лица од кои 3 новинари (1 со ВСС и 2 со ССС), 1 стручен соработник со ВС, 1 режисер со ВСС, 1 документатор со ВСС, 1 графички дизајнер со ССС, 2 техничари во РА продукција со ССС и 1 асистент на режија со ССС. На 1 новинар (м-р) му е прекинат договорот за вработување со мирување на работниот однос поради вработување на определено време во МОН; на 1 раководител на одделение со ВСС му е прекинат договорот за вработување поради склучување на спогодба за вработување без јавен оглас преку трајно преземање на административен службеник од друга организација, а на 1 монтажер со ССС договорот за вработување му е прекинат поради одобрување на отсуство од работа без надомест на платаво времетраење од 3 месеци.

Скопје, Октомври 2018 година